# ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ


| | | |
|---|---|---|
| Излегува по потреба | Број 26 | 02.09.2019 год. |


**ЈЕГУНОВЦЕ, СЕПТЕМВРИ 2019**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# РЕШЕНИЕ

За прогласување на Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2019 г.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2019 г., што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 09-1205/1
02.09. 2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весникна РМ„ бр.61/04), Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2019 г.**

1. Се усвојува финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2019 г.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1149/3
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

3.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## За прогласување на Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 09.1205/2
02.09.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажесски,с.р.

4.-

Врз основа на член 119 и 120 од Статутот на општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седницата одржана на ден 30.08.2019 год., донесе

# ОДЛУКА
## за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општина Јегуновце

### Член 1

Се пристаупва кон измени и дополнувања на Статутот на општина Јегуновце.

### Член 2

Комисијата за Статут и прописи при Советот на Општина Јегуновце ќе изготви Предлог-Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на општината и ќе ја достави до Советот за усвојување.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-1149/4
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

5.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција

Се прогласува Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 091205/3
02.09. 2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

6.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) а во врска со член 11 став 3 од Законот за полиција („Сл.весник на РМ„ бр.114/06, Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седницата одржана на ден 30.08.2019 год., донесе

## О Д Л У К А
### За формирање на Локален Совет за превенција

Член 1

Се формира Локален Совет за превенција како координативно тело заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на ова тело е изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Јегуновце како и градење на доверба и партнерски односи во превентирањето на појавите што влијаат на безбедноста.

Член 3

Со Локалниот Совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Јегуновце.

Постојани членови на Локалниот Совет за превенција се:

1. Претседателот на Советот на Општина Јегуновце;
2. Командирот на месно надлежна полициска станица;
3. Раководителот на организациската единица за криминалистички работи; и
4. Надлежниот соработник за образование, култура и спорт во Одделението за правни и општи работи и јавни дејности во општина Јегуновце.

Член 4

Локалниот Совет за превенција треба да има Секретар.

Секретарот на Локалниот Совет за превенција го избираат постојаните членови на Локалниот Совет за превенција од редот на вработените во општината.

Член 5

Во зависност од дневниот ред на седницата и проблематиката на теренот ќе бидат вклучени и други променливи членови - граѓани, преставници од владини и невладини организации и т.н.

Член 6

Локалниот Совет за прервенција треба да работи редовно, најмалку 6 состаноци во годинта а по барање на некоја засегната странка и почесто.

Член 7

За секој состанок ќе се изготвува Записник

За дејствување врз секој можен или реален проблем ќе се изготвува Акциски план за постапување со динамика и рокови.

Член 8

Локалниот Совет за превенција ќе предла предлог-Проекти или кампањи за превентивно спречување на причините за појава на проблеми во заедницата.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр.08-1149/5
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

8.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 091205/4
02.09. 2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

9.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 20-б став 1 алинеа 3 а во врска со став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/48, 198/18 и 143/19), член 32 став 8 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во Општина Јегуновце

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година во Општина Јегуновце заверен со деловоден бр.01-1157/1 од 26.08.2019 год.

### Член 2

По добиената согласност Годишниот план за вработување од член 1 на оваа Одлука Општината да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1149/6
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

10.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на годишните програми за работа на ООУ на територија на општина Јегуновце за учебната 2019/2020 г.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на годишните програми за работа на ООУ на територија на општина Јегуновце за учебната 2019/2020 г.што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 091205/5
02.09. 2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

11.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 49 став 8 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/2019), Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., донесе

## З А К Л У Ч О К

За усвојување на Годишни програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2019/2020 г.

1. Се усвојуваат Годишните програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2019/2020 г. за:

- ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница и
- ООУ „Шемшово„ с.Шемшово

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Јегуновце

Бр.08-1149/7
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

12.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## РЕШЕНИЕ

За прогласување на Заклучокот за усвојување на годишните извештаи за работа на ООУ на територија на општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г.

Се прогласува Заклучокот за усвојување на годишните извештаи за работа на ООУ на територија на општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г .што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 09-1205/6
02.09. 2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

13.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) а во согласност со член 49 став 8 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/2019), Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г.

1. Се усвојуваат Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г. за:

- ООУ „Александар Здравковски„ с.Јегуновце
- ООУ „Симче Настовски„ с.Вратница и
- ООУ „Шемшово„ с.Шемшово

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во службен гласник на Општина Јегуновце

Бр.08-1149/8
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

14.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на цефки ф-30 мм за МЗ Оращје

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на цефки ф-30 мм за МЗ Оращје, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 09-1205/7
02.09.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

15.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., го разгледа барањето за набавка на цевски од МЗ Орашје и донесе

## О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средства за набавка
на цевки Ф-350 мм за МЗ Орашје

### Член 1

Советот на Општина Јегуновце го поддржува барањето од МЗ Орашје за набавка на цевки за одводен канал Ф-350 мм во должина од 36 метри.

Набавката ќе се изврши со финансиски средства од Буџетот на општина Јегуновце.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1149/9
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

16.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучок бр.08-1149/10 од 30.08.2019 година

Се прогласува Заклучок бр.08-1149/10 од 30.08.2019 год., што Советот на Општина Јегуновце го донесе на седницата одржана на 30.08.2019 г.

Бр. 09-1205/8
02.09.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

17.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., го разгледа барањето доставено од МЗ Шемшово и донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Јегуновце бара од надлежните во Општината и во ЧИСТАТА ДООЕЛ Јегуновце да го решат проблемот со недостатотк за вода за пиење во с.Шемшово со изнаоѓање на решение во најкраток можен рок.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1149/10
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

18.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска с о член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за КУД „Извор„ Јегуновце

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за КУД „Извор„ Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.08. 2019 г.

Бр. 09-1205/9
02.09.2019 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Дарко Блажески,с.р.

19.-

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на дваесетишестата седница одржана на ден 30.08.2019 год., го разгледа барањето за одобрување на финансиски средства доставено од КУД „Извор „ Јегуновце и донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства за КУД „Извор„ Јегуновце

### Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце за КУД „Извор„ Јегуновце за 2019 год. се одобруваат финансиски средства во износ од 120.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат за учество на меѓународни фолклорни фестивали на КУД Извор од с.Јегуновце.

Средствата во износ од 120.000 ден. ќе се уплатат на следната жиро-сметка бр.290-4000004186-83, депонент ТТК банка Тетово АД Скопје.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1149/11
30.08.2019 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Орхан Сабрии, с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

**Страна**

1. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2019 год. ............ 1
2. Заклучок за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Јегуновце за II квартал за 2019 год. ............ 2
3. Решение за прогласување на Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општина Јегуновце ............ 3
4. Одлука за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на општина Јегуновце ............ 4
5. Решение за прогласување на Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција ............ 5
6. Одлука за формирање на Локален Совет за превенција ............ 6
7. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во Општина Јегуновце ............ 8
8. Одлука за давање согласност за Годишниот план за вработување за 2020 година во Општина Јегуновце ............ 9
9. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишните програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2019/2020 г. ............ 10
10. Заклучок за усвојување на Годишните програми за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2019/2020 г. ............ 11
11. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишните извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г. ............ 12
12. Заклучок за усвојување на Годишни извештаи за работа на ООУ на територија на Општина Јегуновце за учебната 2018/2019 г. ............ 13
13. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на цевки Ф-350 мм за МЗ Оращје ............ 14

14. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на цевки Ф-350 мм за МЗ Орашје ........................................................................ 15

15. Решение за прогласување на Заклучок бр.08-1149/10 од 30.08.2019 г.............. 16

16. Заклучок бр.08-1149/10 од 30.08.2019 г.................................................................. 17

17. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за КУД „Извор„ Јегуновце .................................................................. 18

18. Одлука за одобрување на финансиски средства за КУД „Извор„ Јегуновце ................................................................................................................ 19